(https://trn.mk)

Култ-арт (https://trn.mk/category/kult-art/)

# Концерт – Пијано дуо Мимоза Ќека и Јована Трајчева

**Во сабота во Салон 19:19, во 19:19часот ќе се одржи Концерт – Пијано дуо на Мимоза Ќека и Јована Трајчева.**

**31/10/2024 06:30**




(https://trn.mk/wp-content/uploads/2024/10/flaer-qwbr4ru5pas11h5yqi31zqvsrhjy6cdtzc7giiijz4.jpg)

Мимоза Ќека и Јована Трајчева заедно настапуваат од 2018 година. Тие остваруваат успешни проекти како хуманитарниот концерт „Есенска бајка" за СОС Детско Село, концертните турнеи „Пијанистички звуци" и серијалот „Празнична рапсодија" во Филхармонија. Во 2023 година настапија со концерт за две пијана „ФИДАН" како дел од сезоната на Македонската филхармонија.

Мимоза Ќека е македонска пијанистка со меѓународна кариера, посветена на класичната музика, предавањето и музичкото истражување. Нејзиниот репертоар вклучува дела од барок до современа музика, а во 2022 година го издала својот соло албум „Non-Fungible" со дела од Бах, Скрјабин и Барбер. Во 2021 година Мимоза ја одбранила својата докторска дисертација на тема „Употребата на дигиталните технологии во квантитативната анализа на пијанистичката изведба", истражувајќи нови методи за анализа на музичките изведби што претставува значаен придонес во музичката наука. Студирала под водство на маестра Лилја Зилберштајн, со која го стекнала магистерскиот степен. Низ годините, таа настапувала на престижни фестивали како Охридско лето, Siena Summer Festival, Франкофонски Фестивал Солеј, Златна Лира, Денови на македонска музика, Есенски музички свечености, а под диригентската палка на Саша Николовски Ѓумар го има изведено Концертот за пијано и оркестар бр. 2 од К. Сен Санс. Концертирала и во градови ширум светот, меѓу кои Париз, Рим, Бристол, Милано, Прага, Трст, Сиена, Скопје, Њујорк и Истанбул. Нејзиното учество во проектот ТЕМЕ и усовршувањето на Академијата „Киџана" во Сиена, Италија, дополнително ја збогатиле нејзината кариера.